# Родољуб АНАСТАСОВ
# Танас ЛУЛОВСКИ
# Димитар МАНЕВ
# Благоја МАНЕВСКИ
# Славчо СОКОЛОВСКИ
# Петар ХАЏИ БОШКОВ

## *1893 ВМРО 1993*

**Уметничка галерија - Скопје, 25.10. - 08. 11. 1993 година**

Иницијатива:

**ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство**

*Оваа изложба претставува презентација на шест автори (петмина сликари и еден скулптор), која, генерациски опфаќа автори кои зад себе имаат поголем творечки опус и, творештвото на помладите пред кои што стојат отворени патишта и долг период за создавање. Презентација на само дел од нивното творештво (со неколку експонати), сепак дава иницијација за високиот "код" на ликовното, за завидно професионално ниво, со специфичен ракопис што ги изразува, искажува и доловува миризбата и контурите на тлото во кое творат. Овие творци се само еден мал дел од носителите на македонското современо ликовно творештво, низ чии дела се предадени битните мигови кои влијаеле врз нивната тематска, содржинска, естетска и стилска ориентација.*

*Посочените автори оставија и оставаат длабок белег во современите македонски ликовни простори, а со самото тоа се и нераскинлив дел од нејзината профилација и натамошна егзистенција. Станува збор за автори кои својата творечка комуникација ја засноваат врз онаа (творечка) инспирација која ја подразбира, од едната страна, традицијата, националното битие, а од друга страна, целосната отвореност кон светската ликовна сцена. Со специфичен, препознатлив, автентичен и автохтон ракопис успеваат да дадат вистински придонес во рамките на ликовниот дијалог со светот.*

***Родољуб АНАСТАСОВ** ја открива и разоткрива копренатa од лицето на масата, каде сите се заедно и секој е сам (како универзален проблем на отуѓување, особено во трауматични, хаотични времиња).*

*Темните длабочини, бездни на сопствената интима, темен, кошмарен свет на едно сеќавање низ кои талкаше мислата на Анастасов - човек со самиот себеси, затворен, вчаурен во клопче на сопствената вистина, полека "прогледува" низ отворите, низ прозорците, низ кои што светлото блеска како откровение и реинкарнација. По долгите патишта за изнаоѓање прошка на човештвото за сопствената анатема, се отвораат портите кон имагинарните простори како една лична визија, како залог за белезите, за сопствените "траги во снегот". Овие свои длабоки импресии, Анастасов ги има развивано во различни фази, низ разновидни ликовни говори што се движат од апстрактното до фигуративното и со исклучително богат и содржаен јазик, транспониран низ една посебна ликовна визија.*

*Низ севкупното досегашно творештво **Димитар МАНЕВ** ја искажува внатрешната визија и нејзината евокативна експресија со емоционално значење на бојата и нејзините пластични вредности. Со силината на изразување на внатрешното чувство, со гест што човекот го "додава" на природата или го внесува во нејзиниот организам, ги преиспитува и сопствените етички дилеми. Манев религиозно се предава и пренесува во светот на чувствата, на чувствување на обликот, на расчленување и соединување на формата со спонтан, но сепак контролиран гест, од разложување на обликот, до негова конечна реинкарнација.*

*Трагите, белезите на сеќавањата, секогаш во мисла "за концепт" во боја, облик, форма, простор, со силна емоционална обоеност се втиснати во една суптилна поетика со топлина, болка и копнеж. Содржината и ликовната прикаска на **Танас ЛУЛУОВСКИ** никогаш не е илузионистичка. Тоа е силна, лична вистина и етика за она што се случува околу нас или се збиднало најчесто визуелно*

*искажана со симбол, знак и доза на сарказам како лично видување и негодување за аномалиите на човечкиот род, за жртвите, кошмарните состојби, трауми и болки. И покрај тоа што постои не само временски, туку и "визуелен" распон од поранешниот ликовен израз и размислување, до сегашниот, може да се каже дека севкупното досегашно творештво на Лулуовски е обоено со животни ситуации како документ на едно видување, егзистирање, како поетика на "баналното и возвишеното".*

***Благоја МАНЕВСКИ** и **Славчо СОКОЛОВСКИ** настапуваат, т.е. размислуваат во едни поинакви сфери на ликовното проседе. Фактурата на сликите на Соколовски е создадена од структурата на белото (на фонот) во која внесува стилизирани геометризирани знаци - (природен материјал - грубо платно и метал), со што создава една симболична иконографија. Слоевита расчленетост на површините со акцентирање на рамнотежата, хармонијата на релјефните слоеви на тонските соодноси и апликираните симболи, изразуваат една синтетичка нарација со одредени асоцијации на рустичноста на средновековните грубо обработени ѕидни површини на градбите. Парцијално обработените, геометризирани делови од сликата на поранешните дела на Маневски, вклопени во еден мозаичен пејзаж, создаваат хомогена целина во која понекогаш одзема или додава некоја "коцка" од мозаикот со што го варира редот и ритамот на елементите "фрагментирани" во еден имагинарен простор, на продолжено "траење" на сликата. Во најновите дела, Маневски ги сумира претходните искуства, колоритот го елиминира, односно го сведува на темна, црна гама создавајќи нова митологија и естетика на сликата. Овие иновации се плод на една длабока студија на феноменот на ликовното, на една пластички изразена дијалектика на внатрешниот простор на сликата. Темната гама, има улога на решавање на пластичните проблеми на бојата, која е и "еманација" на светлоста, каде секој детал органски учествува во формирањето на ритмиката и пулсевите на композицијата, на еден простор што е регистер на општи, сложени и комплексни импресии за траењето и промената на структурата на материјата.*

*Монументите на **Петар ХАЏИ БОШКОВ** колку што не враќаат во едно архаично време, толку не втурнуват во иднината. Концентрирајќи ги енергетските движења во студени, скаменети маси, авторот го открива филозофскиот концепт на сопствените дилеми и конфликти во времето и во просторот. Не задржувајќи се на визуелната нарација на органско-механичката архитектоника на скулпторската маса, Хаџи Бошков на својата пластика и овозможува специфично владеење со просторот, совладување на амбиентот и вклопување во него. Во неговиот творечки опус се втиснати асоцијациите на пластиката на старите култури, проткаени со одредени традиционални белези и општите стилски тенденции во скулптурата на Западот искажани со специфичен, индивидуален дијаграм.*

*Внатрешната, колку и надворешната драматичност на формата ги акумулира органско-механицистичките импулси што се раѓаат од масивната статика на основата. Загадочни градби, како реминисценции на минатите светови и простори, "оживотворени" се во оние димензии на мислата што имплицираат нова интерпретација, на хуманизирање на животниот простор.*

*"Поради тоа, како краен резултат од сите овие стремежи, е стварноста дека денес постои сликарство чиј национален и културен идентитет е вистинската историска мисија што ја извршија македонските ликовни уметници. Наместо поранешниот обид за "творечко достигање на светот" (М.Б.Протиќ), современите македонски уметници сé повеќе имаат сили да му понудат на светот свој, автентичен придонес кој допрва ќе ги открива своите вистински духовни димензии". (Проф. д-р Борис Петковски)*

***Викторија ВАСЕВА ДИМЕСКА***



*Човек и простор III, 1978, масло на платно,*

## *Родољуб АНАСТАСОВ*

Роден 1935 година во Скопје.
Факултет за ликовни уметности завршил
во Белград 1962 година. Професор е
на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.
Адреса: "Партизански одреди" 93/I, 91000 Скопје
тел. 25 98 06

***Самостојни изложби:*** 1966, 1970, 1975 и 1990 - Скопје; 1967 и 1980 - Нови Сад; 1979 - Љубљана; 1980 - Белград; 1982 - Тузла; 1983 - Зрењанин; 1984 - Сараево; 1984 - Мостар; 1987 - Загреб; 1989 - Пореч; 1989 - Бузет; 1989 - Ровињ; 1989 - Лабин, Пазин и Пула; 1991 - Прилеп; 1992 - Париз.

***Групни изложби:*** Учествувал на сите позначајни групни изложби во земјата и во странство: Александрија, Венеција, Њу Делхи, Риека, Нирнберг, Букурешт, Единбург, Париз, Осло, Багдад, Истамбул, Рим, Каиро, Грац, Хелсинки, Даблин, Атина, Пекинг, Глазгов, Варшава, Лисабон, Штутгард, Москва, Токио, Келн, Софија, Њу Касл...

***Награди:*** Добитник е на 31 награда, од кои 10 национални и 21 од меѓународен карактер.

1. ***Човек и простор III,*** *1978, масло на платно, 105x135*
2. ***Човек и простор XLIII,*** *1982, масло на платно, 105x140*
3. ***Човек и простор LIII,*** *1983/84, масло на платно, 160x190*



*"HV - 79 ", 1979, акрилик, платно*

## *Танас ЛУЛОВСКИ*

Роден 1940 година во с.Желево (Егејска Македонија). Академија за ликовни уметности завршил во Букурешт 1967 година. Професор е на Факултет за ликовни уметности во Скопје.

Адреса: "Партизански одреди" 115-б, 6/III/10, 91000 Скопје, тел. 24 53 80

***Самостојни изложби:*** 1967 - Букурешт; 1970, 1973, 1978, 1982 и 1991 (интервенција во простор - Плоштад) - Скопје; 1974 и 1977 - Белград; 1982 - Зрењанин, Сомбор и Загреб; 1991 - Прилеп (интервенција во простор - Плоштад).

***Групни изложби:*** Настапувал на голем број групни манифестации во земјата и во странство: Ферара, Пореч, Пиатра Неамц, Грац, Рим, Ковентри, Венеција, Дубровник, Сомбор, Единбург, Даблин, Мексико Сити, Риека, Белфаст, Глазгов, Гвадалахар, Њу Делхи, Дортмунд, Нирнберг, Нов Зеланд, Манила, Загреб, Брисел, Белград, Пекинг, Марибор, Скопје, Вроцлав, Олбани, Варшава...

***Награди:*** 1970 - Скопје; 1974 - Сомбор; 1975 - Сараево и Скопје; 1977 - Скопје и Бања Лука; 1979 - Загреб; 1980 - Риека и Марибор.

1. ***HV 79,*** *1979-1985 акрилик на платно, (3x5)x5м*
2. ***Бр.92,*** *1992, објект (променливи димензии)*
3. ***Желево,*** *1979, акрилик на платно, 80x100*



*Без наслов, 1988/1989, комбинирана техника на платно*

## *Димитар МАНЕВ*

Роден 1948 година во Штип. Академија за ликовни уметности завршил во Белград 1975 година. Работи како ликовен педагог во Училиштето за применета уметност во Скопје.

Адреса: "Ташко Караџа" 21/III/10, 91000 Скопје
тел. 20 31 54

***Самостојни изложби:*** 1976, 1986 и 1993 - Скопје; 1986 - Загреб, Приштина и Нови Сад; 1987 - Љубљана; 1988 - Париз; 1993 - Пловдив, Ќустендил, Софија и Охрид.

***Групни изложби:*** Учествувал на бројни групни настапи во земјата и во странство: Скопје, Бања Лука, Риека, Париз, Сомбор, Штутгарт, Кан сир Мер, Загреб, Пловдив, Љубљана, Сараево, Софија, Панчево, Нирнберг, Зрењанин, Херцег Нови...

***Награди:*** 1980 и 1989 - Скопје; 1982 - Шибеник; 1986 - Сомбор; 1990 - Херцег Нови.

1. ***Без наслов,*** *1988/89, комбинирана техника на платно, 132x162*
2. ***Две жени,*** *1989, комбинирана техника на хартија, 136x154*
3. ***Слика IV/85,*** *1985, комбинирана техника на платно, 110x110*



*Ѕвезди и рабови V, 1987, комбинирана техника*

## *Благоја МАНЕВСКИ*

Роден 1957 година во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1986 година. Работи како реставратор-конзерватор во Заводот за заштита на спомениците на културата на Р.Македонија.
Адреса: "Димитрија Чупоски" 80/2-7, 91000 Скопје
тел. 58 25 38

***Самостојни изложби:*** 1985 и 1987 - Скопје; 1985 - Охрид, Т.Велес и Штип; 1987 - Куманово; 1988 - Белград.

***Групни изложби:*** Учествувал на поголем број групни настапи во земјата и во странство: Карловац, Скопје, Сараево, Риека, Сомбор, Софија...

1. ***Ѕвезди и рабови V,*** *1987, комбинирана техника, 165x166*
2. ***Ѕвезди и рабови VII,*** *1988, комбинирана техника, 219x100*
3. ***Спонсус и спонса,*** *1990, комбинирана техника, 213x284x10*



***Без наслов,** 1993, комбинирана техника*

## *Славчо СОКОЛОВСКИ*

Роден 1958 година во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1986 година. Работи како конзерватор-реставратор во Заводот за заштита на спомениците на културата на Република Македонија.
Адреса: "Пушкинова" 9-I/4, 91000 Скопје,
тел. 23 63 94 и 11 67 35

***Самостојни изложби:*** 1988 - Скопје; 1985 - Охрид, Т.Велес и Штип.

***Групни изложби:*** Учествувал на поголем број групни манифестации: Скопје, Белград, Риека, Сараево, Суботица, Сомбор, Херцег Нови, Панчево, Вашингтон...

***Награди:*** 1989 и 1992 - Скопје.

1. ***Пристанишна беда III,*** *1992, комбинирана техника, 150x150*
2. ***Пристанишна беда IV****, 1992, комбинирана техника, 150x150*
3. ***Пристанишна беда V,*** *1993, комбинирана техника, 150x150*



*Рефлексии , циклус 1988, брестал*

## Петар ХАЏИ БОШКОВ

Роден 1928 година во Скопје. Академија за ликовни уметности завршил во Љубљана 1953 година. Професор на Факултет за ликовни уметности, Скопје, во пензија.
Адреса: "Караорман" 24, нас.Водно, 91000 Скопје
тел. 20 72 29

***Самостојни изложби:*** 1955 - Карловац; 1959, 1963, 1965, 1969 и 1989 - Скопје; 1959 - Нови Сад; 1960 - Лондон; 1966 - Њујорк; 1967 - Охрид; 1968 - Битола; 1970/71 - Белград; 1971, 1974 и 1979 - Загреб; 1971 - Љубљана; 1979 - Бања Лука; 1986 - Илог; 1993 - Истамбул.

***Групни изложби:*** Настапувал на поголем број групни изложби во земјата и во странство: Дубровник, Љубљана, Белград, Сараево, Загреб, Скопје, Пекинг, Марибор, Париз, Рим, Фиренца, Милано, Венеција, Штутгарт, Торино, Букурешт, Брно, Истамбул, Пореч, Манхајм, Мексико Сити, Виена, Лос Ангелес, Вашингтон, Оклахома, Олбани, Њујорк, Ровињ, Луксембург, Барцелона, Лисабон, Брадфорд, Сплит, Панчево, Бања Лука, Каиро...

***Награди:*** 1967, 1969, 1972, 1976, 1977, 1978 и 1981 - Скопје; 1968 - Струга; 1972 - Битола; 1975 - Врњачка Бања; 1976 - Тетово, Зрињска Гора и Дебар; 1979 - Крагуевац; 1982 - Мурска Собота.

***1 .Движење од квадрат до круг,*** *1991, метал, инсталација со променливи димензии*

| | |
|---|---|
| *Реализација на изложбата:* | ***Собрание на град Скопје*** |
| | ***Уметничка галерија - Скопје*** |
| *Одговорен уредник:* | ***Драган Бошњаковски*** |
| *Предговор:* | ***Викторија Васева Димеска*** |
| *Фотографии:* | ***Марин Димески*** |
| *Ликовно оформување:* | ***Љупчо Јакимовски*** |
| *Комп. графичка обработка:* | ***Зоран Гулевски*** |
| *Печати:* | АД ,,Макпромет'' РЕ ,,Илинден''Штип |
| *Тираж:* | ***500 примероци*** |